# Активности на О2 Иницијатива во 2021 година

- Учество во експертските работни групи за анализа, содржинско подобрување, застапување и лобирање за забелешките и амандманите на Законот за минерални суровини, Законот за водите и Законот за инспекциски надзор во животната средина, во рамките на кампањата „Разбистри сè“ на Институтот за комуникациски студии финансиски поддржана од Британската амбасада во Скопје.

За законот за минерални суровини прво се лобираше да се повлечат предложените измени на законот во Собранието по скратена постапка. Откако законот под јавен притисок се повлече, се формира работна група во министерството за економија за работа на законот во кој главни проблеми беа тоа што постапките за давање концесии за експлоатација на минерални суровини не се доволно транспарентни, посебно за жителите на локалните заедници, ископувањето на песок и чакал од реките и езерата се дозволува исклучиво за бизнис цели, а третманот на хидројаловиштата како потенцијално најопасни места во рударските комплекси не е доволно регулиран. Забелешките, а потоа предлог-амадманите беа во решавање на овие главни проблеми. Паралелно вршевме и пропратната јавна кампања за усвојување на забелешките/амандманите.

За Законот за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање ја прифати забелешката од исклучително значење за вклучување на јавноста во доделување на концесии за користење на вода и се наметна обврска физибилити студијата да биде јавно објавена и да се одржи јавна расправа на подрачјето на кое се доделува концесијата.
За првпат е дефиниран и регулиран еколошкиот проток и задолжително треба да се поставуваат рибни патеки при изградба на мали хидроцентрали. Уредувањето и регулирањето на речните корита и езерските крајбрежја ќе има приоритет пред црпењето и продажбата на песок и чакал. Паралелно вршевме и пропратната јавна кампања за усвојување на забелешките.

Со забелешките за Законот за инспекциски надзор во животната средина се обезбеди конзистентно решение за координација на државните и локалните инспектори, функционален надзор од Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) врз локалните инспектори, посуштински процес на планирање на инспекциските надзори, достапност на инспектори после работно време и за време на викенди, опремување на инспекторите и зајакнување на транспарентноста.

- Учество во работните групи на Граѓанскиот инспекциски совет (ГИС) при Државниот инспекторат за животна средина, формиран на иницијатива на Зелениот институт во соработка со Институтот за комуникациски студии, во рамките на кампањата „Разбистри сè“

Група на 26 невладини организации, здруженија на граѓани и високообразовни институции кои се залагаат за заштита на животната средина, во соработка со Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) формираа Граѓански инспекциски совет (ГИС) при Инспекторатот. ГИС е формиран поради потребата за поефикасна соработка на ДИЖС, како централна институција за контрола и казнување на загадувањето и уништувањето на животната средина, со граѓанскиот сектор која ќе придонесе за размена на знаења и искуства, но и за поголемо граѓанско влијание врз Инспекторатот и другите јавни институции за подобрување на инспекцискиот надзор и намалување на загадувањето.

- Континуирана кампања за одвојување на повеќе средства за заштита на животната средина од буџетите на државата, градот Скопје и општините

Доставени предлог-амандмани на Буџетот на РСМ за 2022 година до пратениците на зелената парламентарна група за решавање на конкретни проблеми во животната средина.
Амандманите беа поднесени од пратеници на зелената парламентарна група.
Усвоен беше амандманот за првични анализи во Пеленица за да се утврди составот на тамошната депонија со линдан – HCH изомерен отпад и друг индустриски опасен отпад. Како резултат конечно после децении се извршија првични испитувања во ноември 2022 година, кои утврдија дека наместо претпоставените околу 8,000 тони линдан и негови деривати, има околу 40.000 тони и уште 6.500 тони мешан опасен отпад. Има и високи концентрации на хлоробензени и диоксини и фурани. Почвата која е под депонијата е контаминирана како и подземните води. Површинскиот слој на почвата содржи опасен отпад. Ова е можеби и поголема количина на опасен отпад од големата депонија на ОХИС, со таа разлика што во Пеленица е фрлен без никаква заштита пред 50тина години.
Усвоен беше и амандманот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина на МЖСПП за емисии за ПМ честички за потребите на инспекторите.

Анализа на намалување на буџетот за животна средина за 2021 година со пренамена на средствата.

Анализа на Буџетот на РСМ за 2022 година, со фокус на средствата за заштита на животната средина.

Континуирано актуелизирање на користење на собраните даноци за животната средина, кои достигаат над 200 милиони евра, за решавање на проблемите во животната средина. Анализа на висината на даноците, средствата од буџетот планирани и реализирани за заштита на животна средина од 2014-2022 година.

- Континуирана кампања за намалување на аерозагадувањето и едукација на граѓаните

Анализа на надминати прагови за информирање и алармирање и повикување на надлежните за редовна објава и информирање на јавноста кога овие прагови се надминуваат со соодветните заштитни препораки и спроведување на мерките.
Постојан притисок да се обезбеди континуиран мониторинг на квалитетот на воздухот на сите мерни станици.
Актуелизирање на хроничниот проблем со палење на диви депонии, кабли, гуми и негово решавање.
Актуелизирање на палењето на депонијата Буково, во Охридскиот регион и барањето за нејзино затворање, согласно препораките на УНЕСКО.
Водач на заедницата на skopje.pulse.eco, платформа на индикативни мерни инструменти за квалитет на воздухот и нивото на бучава.
Поднесени претставки до општина Гази Баба, Аеродром и инспекторат на град Скопје и барања за инспекциски надзор, 24ч патролирање на терен и конечно оградување на бившата градска депонија Вардариште и воведување на редарска служба 24ч.
Поднесена претставка до општина Карпош за поведување на инспекциски надзор за утврдување на причините за силниот мирис на чад во воздухот во вечерните, ноќните и утринските часови.
Поднесена претставка до општина Охрид и нејзината инспекциска служба, поради зачадениот воздух, особено во вечерните/ноќните и утрински часови.
Јавен притисок за промена на начинот на греење на здравствените и образовни установи и поднесување на амандман на Буџетот за 2022 година за таа цел. Како резултат на претходен

јавен притисок, во октомври 2021 е завршена гасификацијата на општата болница во Струмица.

- Континуиран фокус на насилната урбанизација

Поднесена иницијатива до Уставен суд за укинување на ДУП за Градска четврт З09 (Тафталиџе). ДУПот беше укинат од Уставен суд во септември 2021.

Доставено барање до град Скопје и градоначалничката за тргање на член 37 од текстот на ГУП на Град Скопје 2012-2022, со што ќе се тргне можноста за линиските центри кои се исклучени од сите параметри на ГУПот за градските четврти во кои се изградени и со кои се нанесе голема штета во планирањето и живеењето во градов (линиски центри се огромните згради покрај главните градски улици, како Настел во Тафталиџе, планираните кули кај Холидеј Ин..) и барање за ревизија на дадените и недадените мислења на град Скопје во врска со предлог деталните урбанистички планови на општините во Градот Скопје и соодветна одговорност од лицата кои не постапувале согласно законската обврска, поради бројните донесени ДУПови во општините на град Скопје неусогласени со параметрите на ГУП на град Скопје. Остварена средба со градоначалничката.

Анализи на издадени одобренија за градење, број на станови и м2 по општини во граад Скопје.

Доставено барање до советниците и градоначалникот на општина Карпош за тргање од дневен ред на предлог-одлука за носење на ДУП ССИ 03 блок 7, дел од Карпош, кај Аквадуктот на вонредна седница, три дена пред изборниот молк и да се повтори јавната презентација и јавната анкета во услови кога состојбата со ковид-19 ќе се нормализира. Доставено барање до советниците на општина Карпош да не изгласаат оправданост на причините на свикување на вонредна седница за носење на ДУПот. Присуство на вонредната седница која се одвиваше преку ЗУМ за носење на ДУПот, во општинските простории на Карпош. Вршевме пренос во живо од гласањето за ДУПот на советниците. Поднесена претставка до Државниот инспекторат за локална самоуправа за кршење на Законот за локална самоуправа за исклучување на јавноста од седницата. Поднесена претставка до Инспекцискиот Совет за незадоволително постапување на инспекторот за локална самоуправа.

Поднесена жалба на Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за ДУП на простор на падините на планината Водно, Ј 04 - Козле, со Институтот за белодробни заболувања кај децата. Со жалбата го запревме процесот на носење на ДУПот кој не беше усогласен со ГУП на Град Скопје и со кој се планираше несоодветна урбанизација во овој дел на Водно.

Доставено барање до советниците и градоначалникот на општина Гази Баба за стопирање на јавната презентација и јавната анкета по предлог Детален урбанистички план за градска четврт С 17 Блок 2, Блок 3 и Блок 4, општина Гази Баба, поради пандемиски услови со ковид-19 и на сила строги рестрикции и истата да се одложи за пост-пандемиски услови кога ќе е можно собирање и присуство на сите заинтересирани граѓани. Овие ДУПови се од огромна и витална важност за сите жители на град Скопје, поради индустрискиот карактер на оваа градска четврт каде е сместен сегашниот комплекс Железара, Макстил, Либерти Скопје и други индустриски објекти.

Јавен притисок против градењето на кулите на паркингот спроти Холидеј Ин. Доставено барање до советниците и градоначалникот на Центар за ДУП Ц 08 (паркингот спроти Холидеј Ин и Ново Маало) да го потпише пропратното писмо и сè друго што е потребно и ја заврши постапката за официјализирање на барањето за суспензија на примена на ДУП Ц 08 до Министерството за транспорт и врски. Доставено барање до министерот за транспорт и врски

за итно носење на тарифникот за вредност на работи од урбанистичкото планирање. За да се донесе одлука за суспензија на плановите потребно е истовремено да се донесе одлука за отпочнување на постапка за донесување на нов урбанистички план. За финансирање на изработката на урбанистичкиот план потребно е да се наведе износот на средствата за таа намена, кој се пресметува според тарифникот за вредност на работи од урбанистичкото планирање.

Спречување на носење на спорни измени на Законот за урбанистичко планирање ставен по скратена постапка. Со една од најспорните измени се предвидуваше да се озакони спроведувањето на многу спорни и неусогласени со ГУП ДУПови. Измените го засегаа и УНЕСКО Охридскиот регион. Прво се поднесе заедничко барање со други граѓански организации до министерот за транспорт и врски, претседателот на Влада и до пратениците членови на Комисија за транспорт, врски и екологија во Собранието, за повлекување на законот, со поднесени бројни забелешки и барање измените да се донесат на регуларен начин со вклучена јавност. Барањето беше доставено и до ДКСК. Се одржа средба со министерот за транспорт и врски. Кога тоа не даде резултат, извршивме директно лобирање и соработка со пратениците во Собрание за блокирање на законот. Резултат: Носењето на законот беше блокирано со поднесување на бројни амандмани од пратениците и предложените измени на законот ќе се доработуваат и допрецизираат со вклучување на експерти и преку дискусии.

Јавен притисок против носењето на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, по скратена постапка. Доставено барање до претседателот Пендаровски да не го потпише указот за прогласување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, донесен по скратена постапка и да го врати законот на повторно разгледување во Собранието со задолжителна јавна расправа. Како резултат на јавниот притисок претседателот на го потпиша указот и го врати законот на повторно разгледување во Собранието.
Лобирање за повлекување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти од собраниска процедура. Средба со министерот за транспорт и врски кој се повлече од овој закон после извршениот јавен притисок. Законот не се донесе.
Законот предвидуваше легализација во заштитени подрачја, во заштитен крајбрежен појас на природни и вештачки езера и речни корита, како и во прва и втора санитарно заштитна зона на извори на вода за пиење, потоа во подрачје на заштитено недвижно културно наследство и разни други заштитни зони и појаси.
Со овој закон се рушеше секаков правен поредок во државата, се рушеа еклатантно две темелни вредности на уставниот поредок на РСМ: владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата. Со овој закон се поништуваа законските одредби од бројни закони, како законот за градење, законот за урбанистичко планирање, законот за заштита на природата, законот за води, законот за заштита на културно наследство, кривичниот законик, просторните и урбанистичките планови, итн. Со овој закон се упаѓаше во судскиот систем и се запираа веќе покренати постапки за рушење на дивоградби и сите поврзани управни и судски постапки, вклучително и кривични пријави. Со овој закон оневозможени беа сите постапки со кои се одредува влијанието врз животната средина на бесправните објекти и се дозволува легализација на градби во заштитени подрачја и зони.
Овој закон беше донесен по скратена постапка, иако последиците од него се огромни и по владеење на правото и по самата животна средина. Донесен беше без јавна расправа, без консултации со стручната јавност од разните области кој овој закон ги опфаќа, а тие се бројни, без објавување на ЕНЕР со можност да се дадат коментари и да се влијае во процесот на негово донесување, без задолжително известување на сите засегнати здруженија на граѓани и невладини организации.

Доставено барање до Претседателот на Влада на РСМ, Министерот за транспорт и врски, Министерот за животна средина и просторно планирање, Претседателот на Собрание на РСМ, за повлекување на предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Барањето беше поддржано од други граѓански организации и беше доставено и до ДКСК.
Со продолжување на важењето на овој закон ќе се овозможи легализација на дивоградби во заштитени подрачја вклучително и УНЕСКО Охридскиот Регион, заштитен крајбрежен појас на природни и вештачки езера и речни корита, во прва и втора санитарно заштитна зона на извори на вода за пиење, во подрачја на заштитено недвижно културно наследство. Ќе се дозволи легализација на базени, станбени згради за колективно домување, викенд куќи, хотели, ресторани, трговски центри, рекреативни центри, индустриски, стопански и деловни објекти, хидроцентрали, објекти за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази… Државното земјиште на кое се легализираат дивоградбите ќе може да се откупи.

Учество во партиципативното тело за урбанизам во општина Карпош

Поднесени забелешки и предлог-измени на Деловникот за работата на Партиципативното тело од областа на урбанизмот до градоначалникот на општина Карпош и советниците, поради голем број на пропусти и нелогичности, и за поголема транспарентност и инклузивност.

- Континуиран фокус на проблемот со отпадот

Анализа на новиот Закон за управување со отпад и Законот за управување со пакување и отпад од пакување. Поднесено барање до претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на Собрание, пратениците во Собрание на РСМ, претседателот на Влада и министерот за животна средина и просторно планирање, за организирање на јавна расправа за законите со цел експертската јавност и граѓанските здруженија да можат да ги изнесат мислењата и предлозите за менување и подобрување на законите. Барањето беше поддржано од над 30 граѓански организации и научни институции дел од Алијансата „Разбистри сѐ“. Законите за отпад се закони кои се од широк интерес и кои директно и длабоко нѐ засегаат сите, зошто прашањето на отпад го живееме секојдневно преку нерешените диви и нерегуларни депонии, прекумерниот отпад кој завршува на нив, пластиката, гумите, опасниот отпад, неговото горење, загадувањето кое го врши врз почвата, водите и воздухот, негативниот ефект врз нас и целиот жив свет.
За вакви закони Собранието е должно да спроведе јавна расправа и ги земе предвид изнесените мислења и предлози.
Реакциите во јавноста имаше силни за одредбата во предложениот Закон за управување со отпад со која повторно ќе се дозволи увоз на отпад како енергенс, откако после силен јавен притисок се забрани ваквиот увоз во сегашниот закон само минатата година.
Со новиот Закон за управување со отпад, опасниот отпад ќе се редефинира и можно е она што денес е забрането да се увезува, согорува и сл., да се дозволи. Се редефинираат и условите за депониите за опасен отпад, кој може да ги основа и управува со нив. Ова е горливо прашање за граѓаните, со оглед на големиот број на негативни искуства во овие области. Потребно е дефинирање на што подобра контрола на управувањето со отпадот и негова имплементација на терен, нешта кои хронично ни затајуваат, а кои не смееме да ги дозволиме кога отпадот е во прашање.
Пластиката за еднократна употреба е огромен проблем. ЕУ во 2019 год. донесе Директива со која воведе забрана на 10 типа на пластични производи за еднократна употреба. Новиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување не го рефлектира ова.

Како дел од Граѓанскиот инспекциски совет и Работната група за отпад ја разгледавме планираната Владина стратешка инвестиција за отворање на фабрика во Неготино за преработка на отпад од 70% од територијата на МК на Зока Енерџи Солушн. Имавме онлајн презентација од Зока Енерџи Солушн каде се одговараша на наши прашања. Поставени прашања до Владата за разјаснување на важни аспекти на оваа инвестиција, да се расчистат дилемите, сомнежите или истите да се потврдат.
Многу нејаснотии како, кој всушност ќе инвестира над 336 милиони евра потребни за овој проект? Кој е всушност Грин инвестмент од Луксембург и кое е потеклото на парите и со какви гаранции го докажува својот кредибилитет? Каква технологија се планира за овој објект, колку чини и кој ќе гарантира за нејзино стручно инсталирање и примена? Какво е влијанието врз животната средина од оваа фабрика во поглед на испуштања гасови, течен исцедок и пепел, изразено во количества на ден, месец и година? Како ќе се менаџираат? Дали се планира увоз на отпад, или само преработка на домашниот? Дали ќе се преработува само комунален или и медицински отпад? Каква е временската рамка на изведба на проектот и какви обврските има инвеститорот кон планските региони во однос на управување со отпадот до започнување со работа на проектот? Колку ќе биде цената на подигање отпад во регионите од кои ќе се собира отпадот?

Кампања против отворање на фабрика за преработка на опасен отпад, цинкова филтер прашина од електролачните печки при производство на челик, од Макстил и други челичани надвор од земјава, на територија од скоро 23 хектари северно од комплексот Железара, општина Гази Баба. Соработка со други граѓански активисти.
Доставивме барање до советниците на општина Гази Баба за стопирање на проектот за изградба на фабрика за преработка на опасен отпад, да не ги усвојат трите проекти и да не дозволат продажба на државното земјиште.
Поднесовме претставка до надлежниот орган за сите прекршувања на општината по однос на постапката за учество на јавноста и жалба до општина Гази Баба.
Остваривме средба заедно со други граѓански активисти со надлежните во МЖСПП.
Ги анализиравме и првичните и ревидираните извештаи за стратегиска оцена на животната средина на планираниот проект и објавивме детални забелешки за да може граѓаните да ги испратат во предвидениот рок за доставување на забелешки и да дојдат спремни на закажаната јавна расправа. Учествувавме во јавната расправа и ги образложивме нашите забелешки зошто не смее да се дозволи отворање на уште една загадувачка индустрија во градов, особено не во Гази Баба.
Повикот до граѓаните да достават забелешки до градоначалникот на Гази Баба и надлежните во МЖСПП вроди со резултат, беа доставени стотица забелешки и како краен резултат одговорните лица во МЖСПП го стопираа процесот и не издадоа одобрување.

Инициравме да се покрене тужба за депонијата во Буково со Македонското здружение на млади правници. Организиравме средба на адвокатот Ќатоски со локалното население од село Горно Крушје, во близина на депонијата Буково, за да се избере тужител.

Средби со претставници од граѓанска иницијатива за Вардариште, директорката на ДИЖС и новинар за основи за актуелизирање и започнување на санација, ремедијација на бившата градска депонија Вардариште и поднесување на тужба за незапочната ремедијација. Формирана Вибер група за соработка и споделување на информации.

- Кампања против распродажба на државното земјоделско земјиште

Анализа на новиот нацрт Закон за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост. Укажување на главните проблеми. Јавен повик до граѓаните за оставање на коментари на нацрт-законот на ЕНЕР во дадениот рок, со објавување на предлог забелешки,

што вроди со резултат. Јавен повик за присуство на јавната расправа. Целта беше повлекување на законот во таа форма.
Земјоделското земјиште е ОГРАНИЧЕН природен, но и СТРАТЕШКИ ресурс од ОПШТ интерес. Со овој закон ќе се постигне краткотрајно полнење на буџетот за предвидени 200 до 300 милиони евра и НЕПОВРАТНО отуѓување на 41% од земјоделското земјиште.
Со продажба на државното земјоделско земјиште СЕ ГУБИ контролата на државата врз производството на храна, врз обезбедување на континуирано производство на храна во време на климатски промени и зголемено загадување на почвата и водите, и не дава можност да се спроведат државни политики во насоките кои ги даваат ОН и ФАО за агро-екологија, агро-шумарство, органско земјоделие, поддршка на малите и семејни земјоделски стопанства.
Извештаите на Обединетите Нации, на ФАО, прогласување на ОН декадата на семејно земјоделство 2019-2028, упатуваат на агро-екологијата, агро-шумарството, органското земјоделие, на малите и семејни земјоделски стопанства како решение за производство на доволно храна, која воедно ќе биде и нутритивна, во време на климатски промени. Истите ќе делуваат на намалена деградација на животната средина, намалена употреба на хемиски ѓубрива, го адресираат губитокот на биодиверзитетот, генетската ерозија на земјоделските култури, неодржливото користење на водата, загадувањето на почвата и водите, го зголемуваат здравјето на луѓето, ја намалуваат руралната сиромаштија, ја штитат локалната традиција.
Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост е СПРОТИВЕН на овие насоки.
Државното земјоделско земјиште НЕ СМЕЕ да се пренаменува во градежно или да се даде под концесија за геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини.
Со законов се воведува МОДЕРЕН ФЕУДАЛИЗАМ, каде домашни и странски приватни лица/компании ќе поседуваат огромни површини земја, а профитот ќе биде нивна единствена водилка. Ќе се загрозат малите и семејни земјоделски стопанства и на долг рок ќе доведе до напуштање на руралните средини.
Цените и начините предложени за продажба го поттикнуваат феноменот на „грабање на земјата“ и создавање на ОГРОМНИ земјопоседници со што се менува и социо-економската СТРУКТУРА во државата. Земјиштето ќе може да се продава за цена од €0.20/0.30 до €1 за 1 м2, односно од 12/18 денари ќе почне продажбата за метро квадратно. Државното земјоделско земјиште под закуп ќе се продава по цена од 30 центи до 1 евро за 1 м2
За три години се планира продажба на ОГРОМНА површина од 50.000 хектари на т.н. слободно земјоделско земјиште, она кое не е под закуп, по цена од 20 центи до 1 евро за 1 м2.
Ќе може да се продава и на СТРАНСКИ компании / поединци по 1 евро за 1 м2, под услови на „стратешки инвестиционен проект“ и тоа во ЧЕТИРИ ОЧИ, во т.н. непосредна спогодба помеѓу нив и министерот за земјоделство шумарство и водостопанство
Во ЧЕТИРИ ОЧИ предвидена е и продажба на државно земјоделско земјиште со кое поединец/фирма во постапка на консолидација, окрупнување, се стекнал со право на ко-сопственост. Во ЧЕТИРИ ОЧИ е предвидена и продажбата на државно земјоделско земјиште, исто како и во стариот закон од 2013, на сопственик на оранжерија и помошни објекти или сопственик на објекти во стопански двор.
Земјоделското земјиште после 10 години од продажбата МОЖЕ да се продаде, дарува, размени, или пренамени во ГРАДЕЖНО земјиште. После 10 години земјоделското земјиште ќе МОЖЕ да се даде и под КОНЦЕСИЈА за геолошки истражувања или ЕКСПЛОАТАЦИЈА на минерални суровини.

- Соработка со зелената парламентарна група во Собранието, формирана на наша иницијатива

Доставено барање до пратениците со предлог-измени на законот за прекршоци, за казните во животната средина конечно се зголемат од трагично ниските какви се сега; на законот за

урбано зеленило, за конечно да видиме примена на минимумот од 20% зеленило кој постојано се прескокнува; на законот за градежно земјиште, за конечно да запре злоупотребата на продажба на државно земјиште во четири очи и не ни се случува повеќе Холидеј Ин; на законот за управување со пакување и отпад од пакување, за да почнеме да го намалуваме пластичниот отпад и тргнеме по европски терк и ги забраниме сите штетни пластични кеси и пластични производи за еднократна употреба; на законот за минерални суровни, измени кои се веќе доставени заедно со ИКС, за да се спречи давање на рудници и каменеломи без граѓаните да знаат и имаат можност да го дадат своето мислење; носење на посебен закон за Водно, кој ќе му ја даде потребната заштита на Водно, со адекватно зонирање кое ќе спречи урбанизација.

Доставени предлог-амандмани на Буџетот на РСМ за 2022 година до пратениците на зелената парламентарна група за решавање на конкретни проблеми во животната средина и соработка со одредени пратеници кои ги поднесоа предложените амандмани. Усвоени беа два, еден за првични анализи во Пеленица за да се утврди составот на тамошната депонија со линдан – HCH изомерен отпад и друг индустриски опасен отпад, а другиот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина на МЖСПП за емисии за ПМ честички за потребите на инспекторите.

Доставени пратенички прашања од еколошката област за актуелизирање на овие проблеми во парламентарниот дом и Владата и поттикнување на нивно побрзо решавање. Овие пратенички прашања беа редовно поставувани од пратеници членови на зелената парламентарна група.

Одржани онлајн средби со членовите на зелената група за предложените измени на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух и формирање на амандмани, потоа за формирање на амандмани на Законот за прекршоците, дискусии за одржување на тематски надзорни и јавни расправи.

Организирана средба со пратениците на зелената парламентарна група и претставници од ИКС и Алијансата за кампањата за застапување и лобирање „Разбистри сé!“. Целта беше да се претстави Алијансата и за што се залага таа, што се очекува од пратениците, како и поконкретно да се избрифираат за досегашните активности во врска со измените на Законот за минерални суровини и најавените следни чекори поврзани со Законот за води (измени во ископот на чакал, песок и камен).

Учество во настанот „Поддршка на Зелената собраниска група во процесот на спроведување на зелената агенда во Западен Балкан и Северна Македонија“ организиран од Центарот за истражување и креирање политики.

Соработка со заменичката-министерка за животна средина и пратеничка на ДОМ за измени во Законот за заштита на природа, за воспоставување на мерки за заштита во моментот кога подрчјето е предложено за заштита, за да не настане, како што е сега, девастација на пределот додека се прогласи за заштитен.

- Активности за сеопфатна заштита на Водно

Учество во јавната расправа парк-шумата Водно после направената ревалоризација од аспект само на биодиверзитет, да се прогласи за заштитено подрачје од најнизок вид за овој тип на подрачје, 5та категорија - Заштитен предел.

Заедно со „Го Сакам Водно“ доставивме барање до Влада на РСМ за стопирање на Нацрт-одлуката за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V –

Заштитен предел, како и за итно пристапување кон изработка на посебен Закон за Водно, со формирање на експертска меѓуресорна комисија.
Целта на барањето беше да се обезбеди сестрана интегрирана заштита на парк-шумата Водно. Причините се што Одлуката, која се базира само на Законот за заштита на природа и аспектот на биодиверзитет, со направеното зонирање не е воопшто соодветна кога Водно е во прашање, кое е главно антропогено пошумено со главна функција од безбедносен карактер за заштита од поројни поплави, ерозија и појава на свлечишта. Сегашната Одлука со зонирањето е во колизија со други закони кои се на сила за Водно, како на пример Законот за водите, Законот за шуми. Заштитата која се предлага е од најнизок вид за овој тип на подрачје и нема законски забрани како за повисоките категории на заштита. Сегашното зонирање отвора врата за градење на значителен дел од сегашната заштитена парк-шума Водно.
Ова налага да се пристапи кон изработка на lex specialis за Водно, каде ќе се изготви соодветно зонирање согласно приоритетот на земјиштето и сите закони кои се на сила за Водно и со тоа се одреди каде е што забрането, а каде е што дозволено.
Барањето беше поддржано од 38 организации/здруженија.

Одржана средба со претседателот на Владата и министерот за животна средина, заедно со група експерти претставници на АПП, ЦУК, УХМР, МЗШВ, ХЕФ.

- Доставена претставка до Државниот инспекторат за техничка инспекција (ДИТИ) за појавата на расцепи/пукнатини на земјиштето на концесијата на Цементарница Усје. Граѓани алармираа за концесиите на Усје и нивната непосредна близина до нивните живеалишта. Загрижени се од појава на свлечишта при некое силно невреме со дожд, кое би било фатално за сите околни куќи во непосредна близина на ископите. Добивме одговор од ДИТИ дека постапиле по претставката каде со решение ќе го задолжат концесинерот Цементарница Усје Скопје да потстави геодетски репери и положбата редовно да се снимаат од страна на овластена геодетска фирма и да поднесат извештаи.

- Континуирани реакции за сеча на дрвја во урбани средини и шуми.

- Континуирана интензивна соработка со медиумите, користење на нашата фејсбук страна како извор на информации за нив

- Континуирана соработка со и едукација на граѓаните кои ни се обраќаат, како да поднесат претставки, жалби, до кои надлежни институции, иницијативи до Уставен суд, барања до советниците во нивните општини…